***Автори:*** *Осман Кадриу; Фисник Шабани*
***Дата:*** *јануари, 2014 година*
***PDF:*** analiza-najdobri-praktiki-na-nezavisni-mekanizmi-za-ednakvost-vo-EU-i-regionot-mkd.pdf



Заштитата на еднаквоста во Република Македонија е уставна материја (materiaconstitutionis). Врз основа на тоа, позитивната регулатива на земјата ги предвидува и гарантира посебните тела и органи за заштита од дискриминација, како што се судовите, Уставниот суд, народниот правобранител, парламентарните комисии, како и Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД).

Оваа студија истражува неколку од меѓународните механизми за заштита на човековите права, еднаквоста помеѓу луѓето и борбата против дискриминацијата. Во неа е направена споредбена анализа и се претставени неколку од европските практики на институции и тела кои се надлежни за гарантирањето на еднаквоста во соодветните држави.

Покрај другото, една од целите на оваа студија е да се добијат надворешните добри искуства кои ќе се споделат со надлежните институции во Република Македонија, особено Комисијата за заштита од дискриминација.

Студијата, во некоја рака, ќе содржи конкретни препораки и предлози за подобрување и зајакнување на нивните капацитети.